Стрип 4 – Април – Ден на планетата Земја

# ТЕРА

## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




ТЕРА, АЈ ПОГОДИ КОЈ ДЕН Е ДЕНЕСКА
ВТОР-НИК?
ХАХАХАХА, НЕ МИСЛЕВ НА ТОА. ДЕНЕСКА Е ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА!
ШТО ЗНАЧИ ТОА ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА?
НА ОВОЈ ДЕН Ѝ СЕ ЗАБЛАГОДАРУВАМЕ НА НАШАТА ПЛАНЕТА ЗЕМЈА И ГИ ОХРАБРУВАМЕ ЛУЃЕТО ДА ПОМОГНАТ ВО ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОВОЈ ДЕН СЕ ОДБЕЛЕЖУВА ВО 193 ДРЖАВИ НИЗ ЦЕЛИОТ СВЕТ
ДАЛИ МОЖАМ ДА ПОМОГНАМ? САКАМ ДА НАУЧАМ КАКО ДА ЈА ЗАШТИ-ТАМ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
СЕ РАЗ-БИРА ДЕКА МОЖЕШ ДА ПОМОГНЕШ
CANS
КАЛИНА ВЕЌЕ МИ ПОКАЖА КАКО ДА РЕЦИКЛИРАМ. ГО СЕЛЕК-ТИРАМ МОЈОТ ОТПАД ЗА ДА МОЖЕ ДА СЕ ИСКОРИСТИ И ОД НЕГО ДА СЕ НАПРАВИ НЕШТО НАМЕСТО ДА ЗА-ВРШИ НА ДЕПОНИЈА
СУПЕР! ТОГАШ АЈДЕ ДА НАУЧИМЕ И КАКО ДА ЈА НАМАЛИМЕ ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕНЕРГИЈА
ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО?


ЕНЕРГИЈАТА ШТО ЈА КОРИСТИМЕ ЗА ДА ГИ ОСВЕТЛИМЕ И СТОПЛИМЕ НАШИТЕ ДОМОВИ ВО НАЈГОЛЕМА МЕРА СЕ ПРОИЗВЕДУВА ОД СУРОВИНИ ШТО ГИ ДОБИВАМЕ ОД ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА
КОГА СОГОРУВААТ, ТИЕ ГО ЗАГАДУВААТ ВОЗДУХОТ
ТОА Е ЛОШО! КАКО ДА ЈА НАМАЛАМ КОЛИЧИНАТА ЕНЕРГИЈА ШТО ЈА ТРОШАМ?
ТОА Е ЛЕСНО... СЕКОГАШ ИСКЛУЧУВАЈ ГИ ЕЛЕКТРИЧНИТЕ УРЕДИ ШТО НЕ ГИ КОРИСТИШ
ИЗГАСНИ ГИ СИЈАЛИЦИТЕ. НИКОГАШ НЕ ЗАБОРАВАЈ ДА ГИ ИСКЛУЧИШ ТЕЛЕВИЗОРОТ, КОМПЈУТЕРОТ И КОНЗОЛАТА ЗА ВИДЕО ИГРИ.
МОЖАМ ДА ГО ПРАВАМ ТОА!
ДАЈ МИ ДРУГ СОВЕТ КАКО ДА Й ПОМОГНАМ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
МОЖЕШ ДА ЗАСАДИШ ДРВО ВО ДВОРОТ
ДА ГО ЗАСАДАМ ДРВО?
ДА! ДРВЈАТА СЕ БЕЛИТЕ ДРОБОВИ НА НАШАТА ПЛАНЕТА. ТИЕ ГО ВДИШУВААТ ЗАГАДЕНИОТ ВОЗДУХ И ИЗДИШУВААТ ЧИСТ ВОЗДУХ. ТОА ПОМАГА ДА СЕ ЗАШТИТИ ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА!
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ

# Совети за родителите

Вклучете го целото семејство во заштита на нашата планета преку неколку едноставни чекори:

- **Дискутирајте**: Објаснете им на децата како настанува енергијата со користење фосилни горива. Зборувајте им за загадувањето и негативниот ефект што го има на планетата.
- **Креирајте свесност:** Помогнете им на децата да разберат зошто е важно да ја заштитиме планетата и разговарајте за влијанието на климатските промени.
- **Бидете пример:** Покажете им на децата дека има многу активности што може да ги направиме во домот за да помогнеме во заштита на животната средина – намалување на потрошувачката на електрична енергија, рециклирање, повторна употреба на некои материјали, намалување на отпадот. Секој ден бидете пример за нив и вклучете ги во овие активности.
- **Создадете услови:** Поттикнете ги децата да работат заедно со вас во градината. Дајте им да засадат дрвце и да се грижат за него секој ден со полевање, кроење, итн.

# Забавна активност за најмладите

Пополнете го листот со активности. Како ќе помогнете на Денот на планетата Земја?

**На Денот на планетата Земја јас ќе...**







| Рециклирам... | Ја намалам потрошувачката на... | Ги употребам повторно... |
|---|---|---|
| | | |

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.